**АНАЛИЗА НА СЛЕДЕЊЕ НА ОБВРСКАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ ВО ПЕРИОДОТ 1-ВИ ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2012 ГОДИНА**

Дозволата за вршење радиодифузна дејност се издава за емитување и пренос на одреден радио или телевизиски програмски сервис независно од техничките услови за пренос. Дозволата за вршење радиодифузна дејност на трговските радиодифузни друштва и непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од девет години.

Годишниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност за трговските радиодифузни друштва и непрофитните радиодифузни установи се определува врз основа на формулата од член 60 од Законот за радиодифузната дејност ( Службен весник на РМ бр 100/05, 19/07,103/08....17/11).

Надоместокот за дозволата се плаќа на сметката на Советот за радиодифузија за секоја тековна година, почнувајќи од  датумот на доделувањето на дозволата.

**ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ**

Советот за радиодифузија тековно го следи плаќањето на надоместокот за дозволата.

Процентот на наплата на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за периодот 2011-2012 година на 31 декември 2011 година изнесуваше 54,17 %.

Со цел да се надмине состојбата со нередовното плаќање на надоместокот за дозволата во месец март 2012 година беше разгледана Информација за работењето на трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма преку сателит, во која меѓудругото беа опфатени и друштвата кои ги немаа исполнето своите обврски во однос на плаќањето на надоместокот кон Советот. Вкупно седум трговски радиодифузни друштва должеа по основ на неплатен надоместок за една или повеше години и тоа :

- ТРД Џангл ТВ ДООЕЛ Скопје
- ТРД Перспектива ДООЕЛ Скопје
- ТРД БМ Телевизија ДООЕЛ Скопје

- ТРД Пинк 15 ДООЕЛ Скопје
- ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип
- ТРД Наша ТВ Скопје
- ТРД АБ Канал Скопје

Со цел да ги исплатат заостанатите долгови беше донесена Одлука со можност заостанатите долговите да ги платат на рати со претходно склучен Договор за плаќање на рати со својство на извршна исправа. Притоа исплатата на последната рата мора да се изврши пред издавањето на новата пресметка за дозволата за вршење радиодифузна дејност за наредната година 2012-2013.

Во почетокот на месец април 2012 година четири трговски радиодифузни друштва потпишаа таков Договор за плачање на рати- ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип, ТРД Наша ТВ Скопје, ТРД АБ Канал Скопје и ТРД Пинк 15 ДООЕЛ Скопје.

На останатите три трговски радиодифузни друштва кои не го платија заостанатиот надоместокот за дозволата, ниту пак склучија Договор за плаќање на рати им беше одземена дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Во период опфатен со наведениот извештајот едно друштво во целост го плати надоместокот согласно Договорот - ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип, а две друштва редовно ги исполнуват обврските согласно потпишаниот Договор- ТРД Наша ТВ Скопје и ТРД АБ Канал Скопје. Рокот за исплата на последната рата за овие друштва е месец август 2012 година.

На трговското радиодифузно друштво ТРД Пинк 15 ДООЕЛ Скопје,во месец мај 2012 година му беше одземена дозволата за вршење радиодифузна дејност, бидејки не изврши уплата на втората рата согласно потпишаниот Договор. Дека се откажува од понатамошното исполнување на обврските, достави и писмено известување до Советот.

Исто така во месец април 2012 година и до 34 трговски радиодифузни друштва носители на дозволи за терестеријално емитување на ТВ и радио програми кои ги немаа исполнето своите обврски за надоместокот беа испратени предупредувања да го платат заостанатиот надоместокот.

Врз основа на доставените предупредувања 29 друштва ја исполнија својата обврска во целост , додека пак за 5 (пет) трговски радиодифузни друштва беше донесена Одлука за одземање на дозволата поради неплакање на надоместокот. Друштвата на кои им беше одземена дозволата се ТРД ТВ Меди Битола, ТРД Радио АБ Канал Кочани, ТРД Радио МХ Охрид, ТРД Радио Беса Црнилиште и ТРД Радио Пехчево од Пехчево.

По донесувањето на одлуката три друштва ТРД Радио МХ Охрид, ТРД Радио Беса Црнилиште и ТРД Радио Пехчево од Пехчево во целост ја исполнија својата обврска.

Со цел да се надмине неуредноста во плакањето на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот за радиодифузија на Република Македонија на крајот на месец мај усвои Правилник за процедурите на финансиското и сметководствено работење на Советот за радиодифузија со кои беше уредено и **пресметувањето**, **фактурирањето** и **наплатата** на годишниот **надоместок за дозволата** за вршење радиодифузна дејност.

Врз основа на донесениот правилник во месец мај 2012 и месец јуни 2012 се доставени вкупно 121 пресметка за надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

На 30 мај 2012 година беа доставени вкупно 101-на пресметка за надоместокот за дозволата кои се однесуваат за периодот од 29 мај 2012 година заклучно со 28 мај 2013 година. Пресметките беа доставени до 4 трговски радиодифузни друштва кои поседуваат дозвола за терестеријално емитување на ТВ програма на национално ниво, 3 трговски радиодифузни друштва кои поседуваат дозвола за радио на национално ниво, 10 друштва кои имаат дозвола за ТВ програма на регионално ниво, 16 друштва кои емитуваат радио програма на регионално ниво, 35 друштва кои емитуваат ТВ програма на локално ниво и 33 друштва кој емитуваат радио програма на локално ниво.

На 11 јуни 2012 година беа доставени пресметки за надоместокот за дозволата за 3 друштва кои се носители на дозвола за вршење радиодифузна дејност за ТВ програма преку сателит на национално ниво. Наведените пресметки се однесуваат на периодот од 11 јуни 2012 година заклучно со 10 јуни 2013 година.

На 25 јуни се доставени пресметки до вкупно 17 друштва ( 10 друштва кои емитуваат ТВ програма на локално ниво и 7 друштва кои емитуваат радио програма на локално ниво). Наведените пресметки се однесуваат на периодот од 25 јуни 2012 година заклучно со 24 јуни 2013 година.

Од вкупно доставените 121 пресметка за надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност, заклучно со 30 јуни 2012 година на 104 им доспеваше рокот за наплата на надоместокот, односно на они кои беа доставени на 30 мај 2012 година и 11 јуни 2012 година.

Кон трговските радиодифузни друштва**,** кои заклучно со предвидениот рок од 15 дена , не ја исполнија својата законска обврска да го платат надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот за радиодифузија на РМ, врз основа на член 63 став 1, алинеја 4 и

член 64 од Законот за радиодифузната дејност, како и член 23, став 1 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ, иницираше постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Вкупно 58 трговски радиодифузни друштва не ја исплатија обврската и за нив беше иницирана постапка за одземање на дозволата.

Исто така до сите нив, Советот упати последно предупредување веднаш да го платат заостанатиот долг, известувајќи ги во спротивно, дека согласно иницираната постапка Советот ќе им ги одземе дозволите за вршење радиодифузна дејност.

Процентот на наплата на доспеаниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност на 30 јуни 2012 година, изнесуваше 88,18%, што преставува зголемување во однос на состојбата на 31 декември 2011 година кога истиот беше 54,17 %.

Надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност на 30 јуни 2012 година го немаа се уште платено 31 трговско радиодифузно друштво, мегутоа за сите нив рокот за наплата на заостаниот надоместок беше по 30 јуни 2012 година.

Во месец јули 2012 година процентот на наплата на доспеаниот надоместок изнесува 98,02%, бидејќи уште 30 друштва во целост ја исполнија својата обврска.

Само трговско радиодуфузно друштво ТРД Пинк Мак ДООЕЛ Скопје кој поседуваше дозвола за емитување на ТВ програма на регионално ниво, не го плати доспаниот надоместокот и од таа причина му е одземена дозволата за вршење радиодифузна дејност.

## ЗАКЛУЧОК

Со донесувањето на Правилникот за процедурите на финансиското и сметководствено работење на Советот за радиодифузија (Службен весник на РМ бр.64/12), во писмена форма беше уредено пресметувањето, фактурирањето и наплатата на годишниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност. Освен тоа се оневозможува и евентуално нееденаков третман кон било кое радиодифузно друштво.

Врз основа на неговата доследна примена, значително се зголеми процентот на наплата на надоместокот за дозволата, односно допринесе за поголема уредност во плаќањето на пресметаниот надоместок за дозволата.

Изработил: Г.Радуновиќ